-- О П Ш Т И Н А    Д Е Л Ч Е В О --
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Ул.“ Светозар Марковиќ” бр.1, 2320 Делчево, Република Македонија
Тел/факс: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk
Web: www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 29
04.12.2014 година

Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува:
Одделение за човечки ресурси,
Правни и општи работи

Декември, 2014

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 04.12.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 22. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

I.Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **22.седница** која се одржа на ден **01.12.2014** година и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2014 година за квартал 3;
2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP);
3. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2014 година;
4. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2014 година;
5. Одлука за доделување на стипендии на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево;
6. Одлука за доделување на стипендии на редовни студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето;
7. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за спорт.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-2375/1**
**04.12.2014 година**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански ,с.р.**

# -2-

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата Трета редовна седница, одржана на ден 31.05.2013 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Кварталниот извештај**

**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**

**за периодот 01.01.2014 до 24.10.2014**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2014 до 24.10.2014.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 07- 2359/1**
**01.12.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг ( „Сл. весник на РМ“ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Делчево на својата 22. седница одржана на 01.12.014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на општина Делчево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој Светска банка, во висина на 19.655.950,00 денари со ДДВ, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект: ***Реконструкција на постоечки кров и доградба на детска градинка “Весели цветови” – Делчево***.

Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, под следниве услови:

1. **каматна стапка: шест месечен EURIBOR за евро валута со варијабилен распон**
2. **рок на отплата: 13 години**
3. **грејс период: 3 години**
4. **последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година.**

Член 3

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 07-1095/1 од 05.06. 2014 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Делчево”

**Број 07- 2360/1**
**01.12.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002), Советот на општина Делчево на својата 22. седница одржана на ден 01.12.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на талентирани ученици**
**од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево**

Член 1
Се донесува Одлука за доделување на 6 (шест) стипендии на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево во учебната 2014/2015 година.

Член 2
Стипендиите ќе се доделуваат на редовни ученици од II, III и IV година со континуиран одличен успех 5.00 кои во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари.

Член 3
Износот на месечната стипендија е 1000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2014/2015 година.
Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2015 година.

Член 4
Изборот на учениците кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево, Советот на Опшштина Делчево и СОУ „М.М.Брицо“, Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево“.

**Број 07- 2363/1**
**01.12.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002),Советот на Општина Делчево, на својата 22.седница, одржана на ден 01.12.2014година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на стипендии**
**на студенти кои студираат на државните универзитети**
**во Република Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето**

Член 1

Се донесува Одлука за доделување на 6 стипендии на редовни студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето.

Член 2

Стипендиите ќе се доделуваат на редовни студенти од сите студиски години освен I (прва) студиска година кои постигнале особено висок успех во учењето од намалку 9,50.

Член 3

Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2014/2015 година.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2015 година.

Член 4

Изборот на студенти кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и Советот на Општина Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 07- 2364/1**
**01.12.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002) и член 38 од Статутот на Општина Делчево (“Службен гласник на Општина Делчево” бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 22.седница, одржана на ден 01.12. 2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за спорт**

I.За членови на Комисијата за спорт се избираат:
1. Влатко Ристов, претседател
2. Благица Јочевска, член
3. Дарко Тодоровски, член
4. Драган Христов, член
5. Љупчо Атанасов, член

II.

Комисијата за спорт ги разгледува прашањата од областа на спортот и рекреацијата;

- ги разгледува предлозите за поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општината;

-ги разгледува барањата доставени од спортските клубови на подрачјето на општина Делчево и по нив дава предлози ;

-изготвува и донесува Програма на предлог на општинскиот спортски сојуз;

-утврдува критериуми за распределба на буџетски средства и дава предлози за распределба на истите на спортските клубови;

Програмата од ставот 1 точка 3 на овој член, се финансира од буџетот на општината и од донации и спонзорства.

За исполнување на Програмата и роковите утврдени во неа, општинскиот спортски сојуз поднесува Извештај до Советот на општината.

III. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Број 07- 2365/1**
**01.12.2014 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р**

# СОДРЖИНА

| Р.бр. | Име на акт | Архивски број | Страна бр. |
|---|---|---|---|
| -1- | Решение за објавување акти од 22. седницана Советот на Општина Делчево | **Број 08-2375/1** | 2 |
| -2- | Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2014 до 24.10.2014 | **Број 07- 2359/1** | 3 |
| -3- | Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) | **Број 07- 2360/1** | 4 |
| -4- | Одлука за доделување на стипендии на талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево | **Број 07- 2363/1** | 5 |
| -5- | Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето | **Број 07- 2364/1** | 6 |
| -6- | Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за спорт | **Број 07- 2365/1** | 7 |
| -7- | СОДРЖИНА | | 8 |